

# Советникот на Трамп со порака до Македонија: Европските интеграции се мртви

Поранешниот стратег од Белата куќа, Стив Бенон изјави дека европските интеграции се мртви откако на изборите за Европскиот парламент во Италија, Франција и Британија победија националистичките и популистички партии.

Бенон смета дека резултатите од изборите покажале дека европскиот центар е нарушен и традиционалната лева и десна ориентација во политиката е заменета со битка на националистичките против глобалистичките сили, пренесе АП.

Според Бенон, евроскептичните партии ќе го блокираат секој обид за продлабочување на интеграцијата помеѓу земјите членки на ЕУ.

**Секој ден ќе биде како битка за Сталинград,** заклучи поранешниот стратег.

https://lider.com.mk/svet/sovetnikot-na-tramp-so-poraka-do-makedonija-evropskite-integracii-se-mrtvi/